


Почитувани читатели и соработници,

Дали успеваме да следиме барем дел од чекорите кои ги прави Европската Унија во однос на вклучувањето на лицата со попреченост во заедницата?
Дали им помагаме на лицата со интелектуална попреченост да:

- Научат нови работи,
- Да учествувуваат во општествените случувања,
- Да ги осознаат нивните права и да бидат поддржани во остварување на истите,
- Да направат свој избор

ЗГ ЦеПроСАРД преку проектот "Заедно со повеќе можности и поддршка" - ТИМОР започна со подготовка на лицата со попреченост  од СЗ Демир Капија за нивното вклучување во заедницата.

Проследете ги активностите на нашата организација во изминатиот период, насочени кон заедничко градење на просперитетно и еколошки одржливо општество кое искрено ги прифаќа сите. Погледнете како земјите членки на Европската Унија  создаваат информации достапни за сите користејќи достапен и прифатлив говор  и вклучувајќи ги сите корисници: https://www.inclusion-europe.eu/new-edition-of-europe-for-us-easy-to-read-2/

активности за одржлив и инклузивен развој. Следете не секојдневно на нашата веб страница и нашите профили на социјалните медиуми.

**Одржани координативни состаноци во областа на деинституционализација во државата и воспоставување иновативни социјални услуги во заедницата**
***Проект "Заедно за повеќе можности и поддршка" - ТИМОР***

Во изминатиот период беа одржани значајни средби помеѓу партнерите за имплементација на проектот "Заедно за повеќе можности и поддршка" - ТИМОР и тоа **Петтиот состанок на Конзорциум**. На состанокот, одржан дигитално, проектните партнери дискутираа за напредокот на проектните активности согласно временската рамка. Состанокот беше отворен од претседателот на конзорциумот – директорката на Специјален Завод Демир Капија, која накратко ја презентираше состојбата во институцијата и Протоколот на кој работат со стручен тим за посета на корисниците од страна на семејствата/старателите. Од особена важност беше справувањето со предизвиците за изнаоѓање организации заинтересирани да бидат приватни даватели на социјални услуги, како и изборот на станбените единици.




*Состанок на конзорциум на партнерите на проектот*

воспоставувањето на социјални услуги во заедницата и спроведувањето на Националната стратегија за деинституционализација. На состанокот присуствуваа претстевници од Министерството за труд и социјална политика, Делегација на Европската Унија во Северна Македонија и раководството и вработените во Специјалниот Завод Демир Капија. Се дискутираше за постигнувањата во процесот на деинституционализација, релевантните тематски области во процесот и идните можности за меѓупроектна соработка. Состанокот беше одржан на 29.06.2021 година, во просториите на Депандансот на ЈУ Специјален Завод Демир Капија.





Проектниот тим изминатиот период одржа повеќе работни посети во Специјалниот Завод Демир Капија, меѓу кои и една за потпишување на договори за **ангажман на 10 асистенти за живеење со поддршка** во 2 новоформирани станбени единици на територија на општина Демир Капија и општина Неготино.




*Потпишување на договори за ангажман на 10 асистенти за живеење со поддршка*

Проектот има за цел да формира вклупно 10 станбени единици за живеење со поддршка на лица со интелектуална попреченост на територијата на Р. С. Македонија. Во тек е подготовката за преселба на корисниците од Специјалниот Завод Демир Капија, како и изработка на лични планови за 50 корисници.
Проектот се спроведува во рамките на Акционата програма ИПА II 2017 на Поддршката на ЕУ за образование, вработување и социјална политика - Поддршка на процесот на деинституционализација во социјалниот сектор во земјата.

Проектот "Заедно за повеќе можности и поддршка - ТИМОР" е финансиран од Европската Унија со времетраење од 36 месеци, а се спроведува од страна на ЗГ ЦеПроСАРД во конзорциум со:

- Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна;
- Специјален Завод “Демир Капија“;
- Општина Демир Капија и
- Фондација Лоза од Шведска

**Промоција на рурално претприемништво во соработка со локалните власти**

Изминатиот период, ЦеПроСАРД беше ангажиран од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (ЦРППР), да обезбеди поддршка на претприемачи и поединци од Пелагонискиот регион кои

Задачата беше реализирана во рамки на проектот „Паметно рурално претприемништво“ финансиран од програмата за Балкан Медитеран, што го спроведоа осум партнерски организации од пет земји меѓу кои и Македонија. Главната цел на проектот беше да се зајакне претприемништвото во руралните области во регионот преку специјализација на моделот SmartRural, овозможувајќи им на претприемачите да го искористат и да имаат придобифки од потенцијалот на новите технологии, како и да ги стекнат потребните вештини за да ја зголемат нивната конкурентност.

Ангажманот резултираше со:

1. Развој и имплементација на пилот активности за запознавање на крајните корисници (3 случаи) со алатките на SmartRural бизнис моделот преку консултации и обуки;
2. Обезбедување поддршка на претприемачи/невработени за изработка на акциски планови (3 случаи) за нивната бизнис идеја, вклучувајќи поддршка за правни, даночни и други прашања поврзани со деловниот сектор; и
3. Организација на 4 он-лајн работилници (10+ учесници/работилница) за ширење на моделот SmartRural, вклучително и подготовка на материјал за обука. Работилниците ги опфатија следните предметни модули:

   *Модул 1 - Деловна активност во руралните области:* 1. Вовед - Европска рурална област; 2. Европски политики за рурален развој денес; 3. Претприемништво во руралните области; 4. Претприемништво во областа на интервенција и во селата; 5. Проект SmartRural

   *Модул 2 - Искористување на SmartRural бизнис моделот и неговите алатки за подобрување на конкурентноста на малите и средните претпријатија:* Тематска секција I - SmartRural модел и неговите алатки; Тематска секција II - Имплементација на SmartRural бизнис моделот.




*Дел од одржаните работилници преку ZOOM платформата*

---

## Соработка со локалните власти во секторот клима и енергија

Во текот на месец јуни, нашиот тим зеде учество на презентација на стратешкиот документ - „Општински план за обновлива енергија" на Општина Карпош изработен од страна на ЕНВИРОС и неговите локални експерти.

Документот е изработен во рамки на проектот „Општински план за обновлива енергија: Иновативно искористување на сончевата енергија во општина Карпош“, кој се спроведува од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) преку Словачкиот фонд за предизвици, со финансиска поддршка од Министерството за надворешни и европски прашања на Република Словачка.

Преку соработка со локалната самоуправа, експертскиот тим на ЦеПроСАРД беше вклучен во изработката на стратешкиот документ и ги презентираше идејните иновативни бизнис модели разработени во рамки на документот:
Модел 1 - Мрежно поврзани фотоволтаични централи од мали размери;
Модел 2 - Договор за енергетски услуги (ЕПС), Компанија за енергетски услуги (ЕСКО) или најмување фотоволтаични централи;
Модел 3 - Фотоволтаични централи финансирани од народот и
Модел 4 – Фотоволтаични станици за полнење на електрични возила).

Целта на изработката и дисеминацијата на вакви нови стратешки планови е пренесување на европската пракса во општините во државата.






## Изработка на проектна апликација за органско, здраво – производство и промоција на органски сокови од овошје и зеленчук

Светот во кој живееме постојано се развива и менува. Имаме можности да влијаеме на сопствениот живот и здравје. Како резултат на односот меѓу човечкиот организам и животната средина, како и промените донесени од глобалната пандемија со Ковид-19,  се промовира правото на здравје како фундаментален дел од човековите права и сфаќањето за животот и достоинственото живеење кое треба да го негуваме. Зголемувањето на уделот на производство на органски производи кое користи одржливи, органски методи на производство не е избор, туку станува неопходност. Не може да продолжиме да произведуваме храна во иднина, без при тоа да се стави главен акцент на грижа за човековото здравје, почвата, водата и биодиверзитетот. Органските производи без додатоци на конзерванси, шеќери и вода се особено барани на странските пазари.

Водени од таа идеја ЗГ ЦеПроСАРД за потребите на бизнис секторот ја изработи проектната апликација за Јавен конкурс за инструмент за поддршка: Кофинанисрани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф - СТАРТАПУВАЈ 3!

## Усовршување на знаењето и вештините на тимот на ЗГ ЦеПроСАРД

- Претставници од ЗГ ЦеПроСАРД учествуваа на онлајн јавна расправа за Националниот план за енергија и клима до 2030 година и на Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животнатат средина на Националниот план за енергија и клима до 2030 година организирана од Секторот за енергетика при Министерството за Економија на РСМ, одржана на ден 22.07.2021;
- Обука за Лиценцирање на давателите на социјалните услуги, организирана од EPTISA во конзорциум со CARE допринесе за споделување на искуствата помеѓу веќе лиценцираните провајдери на социјални услуги како и поттикнување на идни провајдери како даватели на овој тип услуги во заедницата;
- Работилница за промоција на Социјалното Претприемништво и основите на маркетинг Модул 1 - Изработка на грантови и собирање средства и Модул 2 - Промоција на основите за социјално претприемништво и маркетинг, организирани од страна на Eptisa на ден 15 и 16 Јуни 2021;
- Обука за генерирани фондови организирани од Граѓански ресурсен центар во месец август;
- Учество на Вебинар за Дигитален активизам: Придобивки и алатки, организиран од Девелопмент Солушнс (ДеСо), во рамки на проектот Јакнење на капацитот на граѓанското општество за ИКТ-заснована општествена акција, поддржан од Balkan Trust for Democracy (проект на German Marshal Fund of the United States) одржан на 06 јули 2021 година.

*Copyright © 2021 CeProSARD, All rights reserved.*

**Our mailing address is:**
info@ceprosard.org.mk

Want to change how you receive these emails?
You can update your preferences or unsubscribe from this list.